Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024
2025

# Извадок на дел од дневни настани 13.01.2025

На 12.01.2025 во 08.40 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода У.З.(32) од Куманово, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна од една година за сторено кривично дело „тешка телесна повреда" по член 131 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправна установа Затвор К'шање за издржување на казната.

На 12.01.2025 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода О.Ј.(32), Г.Н.(36) и Ѓ.М.(29) од Куманово, кои биле барани по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Тие биле спроведени во Казнено - поправна установа Затвор К'шање за издржување на казната.

На 12.01.2025 во 18.00 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(27) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.01.2025 во 22.20 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.01.2025 во 22.50 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Ј.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.01.2025 во 12.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Љ.С.(38) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. Љ.С. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 12.01.2025 во 10.00 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, на излез од државата, полициски службеници ги лишиле од слобода И.К.(53) и С.К.(26), двајцата од Република Турција, затоа што при пасошка контрола и проверки во оперативна евиденција било констатирано дека приложиле фалсификувани патни исправи. Тие биле предадени на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје за понатамошна постапка.
На 13.01.2025 во СВР Велес било пријавено дека околу 00.06 часот на автопатот Скопје - Велес, на наплатна станица Сопот, патничко возило „опел" со велешки регистарски ознаки, управувано од А.Д.(41) од Велес, удрило во столб од наплатната станица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Л.М.(41) од Велес, сопатник во возилото, а со телесни повреди се здобил возачот, констатирани во болницата во Велес. По овластување на јавен обвинител, увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 12.01.2025 во 23.25 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Д.К.(46) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.01.2025 во 19.20 часот во СВР Скопје, С.А.(44) од Скопје пријавил дека во 19.02 часот на работното место како контролор во автобус на ЈСП Скопје на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно машко лице кое немало билет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.01.2025 во 22.20 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Т.Ј.(55) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.01.2025 во 14.40 часот во СВР Скопје, А.А.(41) од Скопје пријавила дека на 11.01.2025 околу 23.30 часот на подрачјето на Центар, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од друга малолетничка, која ја познавала. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.01.2025 во 23.30 часот во СВР Скопје, С.С.(46) од Скопје пријавил дека околу 21.00 часот на подрачјето на Чаир, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.01.2025 во 10.15 часот во СВР Скопје, В.Ј.(74) од с.Волково, скопско, пријавила дека околу 08.40 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, едно лице со употреба на физичка сила ѝ ја одзело чантата со паричник, документи, пари и мобилен телефон,. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.01.2025 во 10.00 часот во СВР Битола, М.Ј.(50) од Битола пријавила дека на ул.„Даме Груев" во Битола, нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 12.01.2025 во 11.03 часот во ОВР Демир Хисар, О.К.(46) од Демир Хисар пријавил дека пред неговата куќа во Демир Хисар, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 13.01.2025 во 02.00 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода С.Б.(44) од Кавадарци, постапувајќи по претходна пријава дека на ул.„Ѓорѓи Соколов" во Кавадарци, по кратка расправија, физички го нападнал Б.Ч.(32) од Кавадарци и го удирал со пиштол по главата. С.Б. бил приведен во полициска станица, а пиштолот бил одземен. Известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против А.Ш.(32) од Студеничани, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 27.09.2024 на влез во с.Богородица, гевгелиско, пријавениот бил забележан од полициски службеници дека превезува мигранти, по што побегнал. На 24.12.2024 тој бил лишен од слобода и од судија на претходна постапка му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.

СВР Велес поднесе кривична пријава против П.К.(18) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 03.01.2025 на седиште во автобус кој сообраќал на релација Скопје - Велес, пријавениот оставил торба со марихуана која била пронајдена и одземена од полициски службеници при СВР Велес.

СВР Велес поднесе кривична пријава против С.К.(27) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 05.01.2025 на патарина кај Сопот, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „мерцедес", во кое се превезувал пријавениот, при што бил пронајден и одземен хероин.

СВР Велес поднесе кривична пријава против О.Т.(75) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи". На 02.12.2022 полициски службеници извршиле претрес во домот и други простории кај пријавениот, при што биле пронајдени и одземени два пиштоли „ЦЗ" и пневматски пиштол, како и 82 куршуми различен калибар, кои ги поседувал без дозвола.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Ф.(27) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При преглед извршен во ноќен клуб на булеварот „Железничка" во Охрид, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, кај него пронајдоа и одзедоа кокаин.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет